# ТоплификацијА АД - Скопје

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија


ДНЕВЕН ВЕСНИК „ВЕЧЕР“


Лондонска б.б.
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел.центр: 02/30 97 600
Факс : 02/30 76 057

kontakt@toplifikacija.mk
www.toplifikacija.mk


Скопје, 22/07/2016

## ДЕМАНТ НА ОБЈАВЕНИ ИНФОРМАЦИИ ВО ДНЕВНИОТ ВЕСНИК „ВЕЧЕР“

Почитувани,

Во врска со **објавениот Повик за одржување на продолжена седница на Годишното собрание на акционери на Топлификација АД Скопје, објавен на 21.07.2016 година во вашиот дневен весник „ВЕЧЕР“**, бараме да се објави овој демант со оглед на тоа што Повикот не е објавен од страна на Топлификација АД Скопје. Воедно ги известуваме акционерите на Топлификација АД Скопје дека иако на објавениот Повик стојат информации како да е објавен од страна на друштвото, истиот не е објавен од страна на Топлификација АД Скопје.

Во врска со **објавената Информација до акционерите на Топлификација АД Скопје, објавен на 22.07.2016 година во вашиот дневен весник „ВЕЧЕР“**, бараме да се објави овој демант. Во објавената Автобиографија на Јоже Карловски во работно искуство објавено е дека работи во Топлификација од 1984 до денес. Со оглед на тоа, ги известуваме акционерите на Топлификација АД Скопје дека објавената информација е невистинита.

Со оглед на горенаведеното, **бараме да го објавите овој демант на истиот начин на кој беа објавени Повикот за одржување на продолжена седница на Годишното собрание на акционери на Топлификација АД Скопје и Информација до акционерите на Топлификација АД Скопје** во дневниот весник Вечер на ден 21 и 22.07.2016 година.

Топлификација АД Скопје,